**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403- 246/7**
**Скопје, 02.04.2007 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Општина Карпош - Стандардизација на постапката за издавање урбанистичко - техничка документација за 2005 година кои се прикажани на страна 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Општина Карпош-Стандардизација на постапката за издавање урбанистичко - техничка документација за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Андреј Петров - градоначалник на општина Карпош од 01.01.2005 до 31.12.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 14.02.2007 година до 15.02.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Општина Карпош-Стандардизација на постапката за издавање урбанистичко-техничка документација на ден 30 Јуни 2005 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење кај Општина Карпош-Стандардизација на постапката за издавање урбанистичко-техничка документација, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 19.03.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ОПШТИНА КАРПОШ-СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | | 13 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 104 | 1.975 |
| **Вкупно приходи** | | **104** | **1.988** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.1.1. | 104 | 1.884 |
| Субвенции и трансфери | | | |
| Каматни плаќања | | 0 | |
| **Вкупно тековни расходи** | | **104** | **1.884** |
| **Вкупно расходи** | | **104** | **1.884** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **0** | **104** |

*Ул:„Маршал Тито“ бр.12/3*
*Палата Македонија – Скопје*
*тел:3211-262; факс 3126-311*

**ОПШТИНА КАРПОШ-СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 30.06.2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 104 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | **104** |
| **Вкупна актива** | | **0** | **104** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 104 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **0** | **104** |
| **Вкупна пасива** | | **0** | **104** |